СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08- 1938/2

11.08.2023 година

К и ч е в о

**З А П И С Н И К**

Од одржаната 24-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 11.08.2023 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот и 20 минути

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Валбона Адили Емини, Агим Садику, Абдула Сејдини, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јакимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Арѓент Асани, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Рамазан Зулбеари, Фортеса Сејдини и Сибел Туфекџи.

Отсутен беше советникот Миѓен Зендели.

На седницата беа присутни и Бурим Кадриу, Беким Мустафај и Анета Настеска-секретар, преставници од општинската администрација, директорите од : ОУ,, Христо Узунов,, Другово и ЈОУ-Детска градинка ,,Олга Мицеска,, Кичево.

**Претседателот на советот** информира дека Записникот од предходната седница одржана на 18.07.2023 г. ќе се усвои на следната седница, бидејќи не бил подготвен.

**Потоа, Претседателот на советот** за оваа седница го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кичево за квартал 2 за период 01.02.2023 година до 30.06.2023 г.

2. Предлог- Одлука за проширување и пренамена на средства во Буџетот на Општина Кичево за 2023 г.

3.Предлог- Одлука за давање на позитивно мислење на Годишен план за вработување на Општина Кичево за 2024 година.

4.Предлог-Одлука за доделување на еднократна финансиска подршка за учебната 2022/2023, за освоено прво место на натпревар на државно ниво за општинските основни училишта.

5. Усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ-Детска градинка ,,Олга Мицеска,, Кичево за 2023/2024 година.

6. Усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУ-Детска градинка ,,Олга Мицеска,, Кичево за 2023/2024 година.

7. Усвојување на Годишен план за вработување за 2024 година и балансер во ЈОУ- Детска градинка ,,Олга Мицеска,, Кичево.

8.Предлог Барање за зголемување и намалување на капацитетот за запишување на деца во ЈОУ Детска градинка ,,Олга Мицеска,, Кичево.

9.Усвојување на Годишен план за вработување за 2023 на ОУ ,,Христо Узунов,, Другово.

10. Предлог- Одлука за донесување на предлог за техничка исправка на техничката грешка во табеларен дел од урбанистички план за  ГП. 1.25, Блок 1 во ДУП, за дел од нас. ,, Подварош,, Општина Кичево донесен со Одлука на совет бр.07-1618/3 од 05.07.2012 со плански период 2011-2016.

11.Разно.

**Михајло Данилоски** – Информира дека имале доставено Предлог – Олука за пренамена на средсва и сметал дека таа треба да биде точка на дневен ред на оваа седница.

**Лазе Јакимоски**- Информира дека во врска со предлог- Одлуката сакале средствата милион и двеста да се издвојат во една и 400 илјади во друга одлука, да бидат посебно издвоени. Во врска со точката за финансиска подршка на ученици за освоено прво место на државен натпревар праша што е пренаменето во Предлог- Одлуката од втората точка од дневниот ред. Истакна дека Одлуката била општа, не било прецизирано ни за учениците, ни за менторите и праша зошто менторите биле одземени од финансиска подршка и покрај тоа што за нив останувале околу 80 илјади денари парични средсва од 440-те илјади, ако од нив се одземеле 314 илјади за ваучери за првачињата.

**Бурим Кадриу**- Информира дека предлогот од ВМРО до Советот за поделба на Одлуката на две Одлуки не стоел и морало да биде во една Одлука, бидејќи тоа било една целина и во неа се правело пренамена на средствата од една во друга ставка. Истакна дека сега ќе имало втор уписен рок и бројката на првачиња ќе била околу 400 деца.

**Лазе Јакимоски-**  Информира дека лани бројката била 295 деца и за жал бројот се намалувал, а не се зголемувал од година во година. Не држело објаснувањето од Бурим, можела Одлуката да се подели во две Одлуки и да се распореди по ставки. Побара измена на дневниот ред и нивната Предлог- Одлука за проширување и пренамена на средствата во буџетот на Општина Кичево да биде ставена точка на дневен ред.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предлогот од советникот Михајло  за дополна на дневниот ред со новата предложена точка  и истиот не се усвои  со 9 гласа ЗА, 11 гласа  ПРОТИВ  и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот Дневен ред и истиот се усвои  со 15 гласа ЗА,  6 гласа ПРОТИВ  и  1глас ВОЗДРЖАН.

**<u>1.ПРВА ТОЧКА</u>** : Усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кичево за квартал 2 за период 01.02.2023 година до 30.06.2023 г

**Претседателот на Комисијата за финансии и буџет** го прочита Извештајот од одржаната седница на комисијата за финансии.

**Бурим Кадриу**-Информира дека точките кои се во надлежност на комисијата биле разгледани на комисија и до 30.06.2023 имало реализација на буџетот од 46,5 %.  Во Образецот К2 биле прикажани должностите на општината кон субјектите, кои биле намалени од 78 на 7 милиони. Во К3 Образецот  немало преставување , бидејќи немало заеми.

**Агим Садику**-  Информира дека во оваа точка неможело да се менува ништо, тоа е тоа и требало само да се констатира. Барав подетални изјаснувања за да може да се направи споредба во врска со намалувањата и зголемувањата од предходните години. Истакна дека во однос на лани била слична реализацијата на буџетот, но била намалена реализацијата на Данокот на имот.

**Михајло Данилоски**- Информира дека има техничка сугестија до Секретарот, во иднина при подготовка на Одлуките да се употребува Македонскиот јазик со кирилично писмо, а не половина од Одлуката да се пишуваат со кирилица, а половина со латиница.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Кичево за квартал 2 за период 01.02.

2023 година до 30.06.2023 г. и истиот се усвои со 13 гласа ЗА, ПРОТИВ (нема), 9 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Одлука за проширување и пренамена на средства во Буџетот на Општина Кичево за 2023 г.

**Бурим Кадриу-** Информира дека се направени две измени во буџетот. Со средства од Европска унија се градат социјални станови на ромската заедница, а општината има договор за кофинансирање. Сумата од ставката за спорт и рекреација се намалува и се распоредува за тоа. Другата измена е за финансиска помош и ваучер од 1000 денари за секое прваче и финансиска помош за ученици за освоено прво место на државни натпревари .

**Лазе Јакимоски-** Праша зошто тие средства не биле предвидени во 2020 година кога бил потпишан Договорот и зошто се одземале средства од Програмата за спорт и рекреација и изградба на капитални објекти.

**Бурим Кадриу**- Информира дека во моментот имало Јавен повик од Европската унија, кој требало да се рализира. Носач на проектот било Здружение од Прилеп, а општината е кофинансиер со 10%. Средства не биле предвидени, бидејќи имало проблеми во реализација на проектот.

**Лазе Јакимоски-** Праша зошто Одлуката за ваучери за првачињата од 440 илјади денари не е на дневен ред.

**Бурим Кадриу**- Информира дека општината имала искуство за такви ваучери со кои се помагало за време на ковид и за ромската зеднiаца. Потребно било да се донесе Правилник, да се формира Комисија за реализација на ваучери и да се објави Јавен повик.

**Лазе Јакимоски**- Истакна дека Правилникот морал да помине на совет.

**Бурим Кадриу**- Информира дека Училиштата ќе дадат податоци за бројот на првачиња.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека предлогот потекнал од Советничката група на ВМРО, дека сега имало 314 запишано првачиња и

имала информација дека таа бројка ќе се намалува, а не да се зголемува поради иселувањата на граѓаните од земјата. Истакна дека сумата од илјада денари за прваче е мала, како помош на родителите и во иднина да се предвиди во буџетот поголема сума за тоа.

**Михајло Данилоски-** Информира дека веќе две години го барале тоа и еве сега ќе се реализирало, но тој бил против таквата пренамена на средства.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за проширување и пренамена на средства во Буџетот на Општина Кичево за 2023 г и истата се усвои со 12 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ . 4 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**Абдула Сејдини-** Информира дека му е чудно што гласаат против, а предлогот прво бил нивни.

**Лазе Јакимоски**- Информира дека една од причините што гласале против е таа што ќе се одземаат средства од доизградбата на спортската сала ,,Јанчица'', како што информирал Бурим.

**Абдула Сејдини-** Информира дека Одлуката требало сепак да ја подржат, бидејќи први го дале предлогот за неа, а во врска со сумата од илјади денари ваучер за прваче, истакна дека сумата е мала и во иднина да се предвиди таа да биде поголема.

**<u>3.ТРЕТА ТОЧКА:</u>** Предлог- Одлука за давање на позитивно мислење на Годишен план за вработување на Општина Кичево за 2024 година

**Секретарот на општината**- Информира дека Годишниот план за вработување за 2024 година бил ист со тој од 2023 година, промена имало само кај пензионирањето. Истакна дека во планот кај македонци наместо 89, требало да стои 82, а кај пензионирањето нема одредено точна бројка, бидејќи немале податоци за пожарникарите кои биле со бенифициран стаж.

**Сибел Туфекџи**- Праша според кој критериум се изготвува планот.

**Секретарот на општината**- Информира дека бројката се определува според балансерот, а за профилот на вработени кажуваат Раководителите на Сектори и Одделенија.

**Председателот на советот** ја стави на усвојување Предлог- Одлуката за давање на позитивно мислење на Годишен план за вработување на Општина Кичево за 2024 година и истата беше усвоена со 14 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог-Одлука за доделување на еднократна финансиска подршка за учебната 2022/2023, за освоено прво место на натпревар на државно ниво за општинските основни училишта.

**Секретарот**- Информира дека минатата седница оваа точка се повлекла од дневен ред, поради првата и втората точка кои се на дневен ред на оваа седница. Истакна дека знаеле дека немало средства во буџетот и требало да се предвидат и не знаеле колку ученици имале освоено прво место на државните натпревари. Пари ќе им се дадат само на учениците, а не и на менторите, бидејќи така одлучил менанџментот.

**Валентина Лазаревска-** Информира дека во врска со Одлуката има забелешка дека требало да стојат имињата на училиштата и дека и менторите покрај учениците требало да бидат наградени, бидејќи тие се заложиле учениците да постигат таков успех.

**Секретарот**- Информира дека во моментот тоа било беспредметно, бидејќи толку биле средствата.

**Валентина Лазаревска-**Информира дека во некој училишта менторите сами плаќале котизација, затоа што некој училишта биле со блокирани сметки.

**Лазе Јакимоски**- Праша каде биле 80.000 денари.

**Секретарот**- Информира дека тие се предвидени, а не и дека ги има општината.

**Лаазе Јакимоски**- Праша зошто од тие 80.000 денари што остануваат не им се даде награда и на менторите, бидејќи без нивниот труд учениците немало да постигнат успех.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог-Одлуката за доделување на еднократна финансиска подршка за учебната 2022/2023, за освоено прво место на натпревар на државно ниво за општинските основни училишта и истата беше усвоен со 22 глас ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**<u>5. ПЕТА ТОЧКА</u>**: Усвојување на Извештајот за работа на ЈОУ-Детска градинка ,,Олга Мицеска,, Кичево за 2023/2024 година

**Директорот** на ЈОУ-Детска градинка ,,Олга Мицеска,,- детално го образложи Извештајот за работа на градинката.

Бидејќи, никој не се јави за збор**, Претседателот на советот** го стави на усвојување Извештајот за работа на ЈОУ-Детска градинка ,,Олга Мицеска,, Кичево за 2023/2024 година и истиот беше усвоен со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**<u>6. ШЕСТА ТОЧКА</u>:** Усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУ-Детска градинка ,,Олга Мицеска ,, Кичево за 2023/2024 година

**Директорот** на ЈОУ-Детска градинка ,,Олга Мицеска,,- детално ја образложи Програмата за работа на градинката.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Годишната Програма за работа на ЈОУ-Детска градинка ,,Олга Мицеска,, Кичево за 2023/2024 година и истата беше усвоена со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**<u>7. СЕДМА ТОЧКА</u>**: Усвојување на Годишен план за вработување за 2024 година и балансер во ЈОУ- Детска градинка ,,Олга Мицеска,,Кичево.

**Директорот** на ЈОУ-Детска градинка ,,Олга Мицеска,,- детално го образложи Годишниот план за вработување за 2024 година и балансер во градинката со предвидените вработувања и пензионирања.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување на Годишниот план за вработување за 2024 година и балансер во ЈОУ- Детска градинка ,,Олга Мицеска,, Кичево и истиот беше усвоен со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ(нема).

Се премина на:

**<u>8.ОСМА ТОЧКА:</u>** Предлог Барање за зголемување и намалување на капацитетот за запишување на деца во ЈОУ Детска градинка ,,Олга Мицеска,, Кичево

**Валентина Лазаревска**- Праша кое е намалувањето.

**Директорот**- Информира дека се прави спојување на две групи од разни возрасти и правење хомогена група од 3-5 деца, 4-6 деца итн.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Барањето за зголемување и намалување на капацитетот за запишување на деца во ЈОУ Детска градинка ,,Олга Мицеска,, Кичево и истото беше усвоено со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Претседателот на советот даде пауза од 5 минути.

По паузата седницата продолжи.

**<u>9.ДЕВЕТА ТОЧКА:</u>** Усвојување на Годишен план за вработување за 2023 на ОУ,,Христо Узунов,, Другово

**Директоката на ОУ,,Христо Узунов**,, - Информира дека тое е потребно за да може да се објави Оглас за ново вработување, бидејќи без тоа, неможело да се објави огласот.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Годишениот план за вработување за 2023 на ОУ,,Христо Узунов,, Другово и истиот беше усвоен со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**<u>10 ДЕСЕТА ТОЧКА</u>**: Предлог Одлука за донесување на предлог за техничка исправка на техничката грешка во табеларен дел од урбанистички план за ГП. 1.25, Блок 1 во ДУП, за дел од нас. ,, Подварош,, Општина Кичево донесен со Одлука на совет бр.07-1618/3 од 05.07.2012 со плански период 2011-2016.

**Беким Мустафај**- Информира дека се работи за исправка на техничка грешка, имало разлика во површината на парцелата и она што било внесено во Елаборатот и затоа било потребно табеларниот приказ од урбанистичкиот план и Елаборатот да се изедначат.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за донесување на предлог за техничка исправка на техничката грешка во табеларен дел од урбанистички план за ГП. 1.25, Блок 1 во ДУП, за дел од нас. ,, Подварош,, Општина Кичево донесен со Одлука на совет бр.07-1618/3 од 05.07.2012 со плански период 2011-2016 г. и истата беше усвоена со 12 гласа ЗА, ПРОТИВ (нема). 9 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**<u>11.ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА</u>**: Разно

**Претседателот на советот** прочита барање од Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ Кичево за отстапување простор во Китино Кале и приклучок на електрична енергија за поврзување на озвучување за одржување на трибина ,,33 години ОК ВМРО-ДПМНЕ-Кичево- минато, сегашност, иднина на 22.08.2023 г. во период од 18-20 часот.

Од страна на службите беше кажано дека на барањето позитивно е одговорено.

Потоа од страна на **Претседаелот на советот** беше прочитано барањето од Петре и Жаклина од ул. ,,Бојан Николовски'' бр.3 населба Иванидол кои 10 години живеат таму, ги имаат платено комуналиите, а немаат асфалт,

канализација, улично осветлување. Не можат да извадат потребен документ и покрај тоа што со Одлука на совет е донесено име на улицата, кое може да се види од приложените докази со барањето  и бараат да се реши тоа.

**Лазе Јакимоски**- Праша дали се запознаени тие кои се надлежни за осветлувањето во општината, за тоа дека се краде електрична енергија кај мостот кај ,,Пуцко Петрол,, , од страна на тие кои имат поставено тезги и продаваат и дека некој можело да настрада.

**Секретарот**- Информира дека за користење на тезгите уредно се плаќало такса, а за крадењето електрична енергија ќе пријавеле.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен Дневниот ред за оваа седница, Претседателот на Советот на Општина Кичево ја затвори Седницата на Советот во 12 часот и 10 минути.

Записничари — Советна Општина Кичево

Претседател

-Ленче Србиноска — Скендер Џабири

-Елисавета Милеска